**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

---

# КОДЕКС
# ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЛУЖБАТА НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, март 2025 година

Врз основа на член 110 алинеја 3 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/2024), а во согласност со Кодексот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.183/14), Уставниот суд на Република Северна Македонија, на работен состанок одржан на 13 март 2025 година, донесе

# КОДЕКС
# ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЛУЖБАТА НА УСТАВНИОТ СУД
# НА
# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со овој кодекс се пропишуваат етичките стандарди и се уредува начинот на однесувањето и работењето на вработените во Службата на Уставниот суд, (во понатамошниот текст: вработените во Службата) кои своите работни задачи ги извршуваат во Уставниот суд на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судот), со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности.

Одредбите од овој кодекс наниеден начин не ги заменуваат правилата утврдени во Актот на Судот, како и правилата утврдени во релевантните законски и подзаконски акти.

## Член 2

Етичките стандарди и правилата на однесување, вработените во Службата ги применуваат во односите со: претседателот на Судот, судиите, генералниот секретар на Судот, со колегите, со претпоставените и со странките, како на нивното работното место, така и во јавноста.

Член 3

Вработениот во Службата ги почитува Уставот, Актот на Судот и законските прописи и никогаш не работи на начин за кој знае или се сомнева дека е спротивен на закон.

Вработениот во Службата нема обврска да извршува работни задолженија и други работни активности кои се спротивни на Уставот, Актот на Судот и законите, а кои ги добива како задолженија од претпоставените.

Член 4

Вработениот во Службата ги извршува работните задачи посветено и професионално, врз основа на своите работни компетенции и на правилата на службата.

Вработениот во Службата ја извршува работата самостојно и навремено, посветувајќи внимание и почитувајќи ги приоритетите и редоследот на задачите.

Вработениот во Службата се грижи за безбедноста на доверените предмети, документи и информации и во никој случај не смее да издава каков било податок и/или информација кои му се достапни, за кои дознал или ќе дознае во текот на работата во Судот, на други лица од Судот кои немаат такви надлежности и на трети лица надвор од Судот.

Вработениот во Службата, кон ресурсите што му се дадени на користење, како и во вршењето на работата се однесува економично и ефикасно, користејќи ги исклучиво за службени потреби.

Член 5

Судот го охрабрува и поддржува вработениот во Службата да работи на своето постојано стручно усовршување и зајакнување на работните компетенции, своето образование и личната надградба.

Вработениот во Службата го користи наученото за подобрување на својата работа, работата на институцијата и придонесува во градењето на угледот, довербата, интегритетот и независноста на Судот.

Вработениот во Службата во духот на принципите на овој кодекс го поттикнува професионалниот развој на колегите и соработниците преку споделување на искуството и знаењето.

Член 6

Вработениот во Службата, во работењето и однесувањето постапува непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција, почитувајќи го ставот и мислењето на судиите во Судот.

Вработениот во Службата со својот личен пример ги промовира вредностите како вистинитост, чесност и правичност и меѓусебно ги поттикнува колегите да постапуваат согласно овие вредности.

Член 7

Вработениот во Службата ги извршува работните задачи на политички неутрален начин без да го изразува своето политичко уверување при службените контакти.

Вработениот во Службата во текот на работното време при вршењето на работните задачи не го искажува и застапува своето политичко уверување и не врши политички активности, што можат да ја поткопаат довербата на граѓаните кон Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Член 8

Вработениот во Службата, при работењето и однесувањето овозможува остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација, по кој било основ.

Член 9

Вработениот во Службата нема да дозволи поради финансиски интерес или каква било друга форма на интерес за него, неговото семејство, роднините, пријателите, за физички и правни лица со кои има или претходно имал деловни врски, да дојде во конфликт со неговиот статус на вработен во Службата на Судот.

Член 10

Вработениот во Службата, за информација која ја дознал заради неговата работна позиција во Судот, обезбедува неопходна тајност и соодветна заштита, согласно со закон.

Вработениот во Службата никогаш не ги злоупотребува информациите до кои дошол при вршење на работата, со цел напредување, заслуга или остварување на друг личен интерес.

Член 11

Во секојдневната работа во Судот се практикува неформален деловен кодекс на облекување кој има за цел да им овозможи комфорно работење на вработените и да промовира професионален изглед.

Вработените во Службата посветуваат внимание на хигиената, изгледот и начинот на облекување, за да не предизвикаат впечаток на непријатност и нарушување на угледот на институцијата.

Вработениот во Службата кој присуствува на седници на Судот, работни состаноци, официјални состаноци, средби и/или учествува на настани, се придржува до формалниот деловен кодекс на облекување.

Формалниот и пристоен начин на облекување ја изразува почитта на вработените кон службата, но и кон колегите, судиите и странките.

Член 12

Вработениот во Службата го разбира и доживува работењето во Уставниот суд како одговорна, угледна и почитувана служба или ангажман.

Без да се оневозможи остварување на правото на градење на сопствен став и јавно изразување на мислење, вработениот во Службата се воздржува јавно да изнесува свое мислење за прашање од уставно-судски предмет за кој одлучува Судот, ниту на друг начин да ги направи достапни на јавноста податоците за постапување во тој предмет, кога за тоа не е овластен.

Вработениот во Службата, во приватниот живот и во јавноста се однесува достоинствено и не постапува на начин со кој би се нарушил

неговиот личен углед и угледот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Вработениот во Службата во јавните настапи во кои го претставува Судот изнесува исклучиво официјални ставови, во согласност со Актот на Судот, добиените овластувања од претседателот на Судот и овој кодекс.

Член 13

Вработениот во Службата кој во рамки на работните задачи има контакт со лица надвор од Судот, на предлозите добиени од странките им пристапува отворено и сериозно. Сите забелешки, критики и проблеми посочени од страна на странките ги сослушува со трпение и внимание и го известува непосредно претпоставениот, односно генералниот секретар на Судот.

Член 14

Вработениот во Службата во односот со колегите го негува духот на тимската работа преку начелата на заемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка, и ја почитува приватноста и дискрецијата на колегите и соработниците, одбегнувајќи непрофесионален и субјективен пристап.

Член 15

Вработените во Службата се должни да ги почитуваат одредбите од овој кодекс.

За постапување спротивно на одредбите од овој кодекс, вработените во Службата на Судот одговараат дисциплински, согласно со Актот на Судот и соодветните законски прописи.

Член 16

Со цел да не се наруши, како личниот, така и угледот на Уставниот Суд, вработените во Службата се должни да ги почитуваат одредбите од овој кодекс сообразно и при користењето и објавување на социјалните мрежи надвор од работното време и со воздржување од користење и објавување содржини на социјалните мрежи во работно време.

Член 17

Вработените потпишуваат изјава со која потврдуваат дека ги прочитале и разбрале принципите и стандардите на однесување и работење содржани во Кодексот.

Потпишаните изјави се доставуваат и чуваат во работните досиеја на вработените во Одделението за општи и административно-технички работи.

Образецот од изјавата е составен дел од Кодексот (прилог 1).

Секое лице кое прв пат засновува работен однос во Уставниот суд на Република Северна Македонија, задолжително се запознава со одредбите од Кодексот од страна на непосредно претпоставениот, односно генералниот секретар на Судот.

Член 18

Овој кодекс стапува на сила со денот на неговото донесување .

Су. бр. 390/25
24 МАЈ 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија,
д-р Дарко Костадиновски

Прилог 1

Врз основа на член 16 од Кодексот за вработените во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија, ја давам следната

ИЗЈАВА

Јас (име и презиме) ___________________________________,вработен/а

на работно место_____________________________________________ во

Уставниот суд на Република Северна Македонија, потврдувам дека сум запознаен/а со одредбите на Кодексот за вработените во Службата на Уставниот суд и изјавувам дека истите доследно ќе ги почитувам и ќе се придржувам при извршување на работните задачи.

Место, датум | Име, презиме и потпис

---------------------- | -------------------------------------